# NSW HEALTH

## Блиски контакти на лица со  COVID-19

**Close contacts of COVID-19 - Macedonian**

Ако ви е кажано дека сте близок контакт на лице со COVID-19:

- Ако **<u>сте</u>** целосно вакцинирани
  - Самоизолирајте се **7 дена** од датумот кога последен пат сте имале контакт со лицето кое е позитивно на  COVID-19*
  - Веднаш тестирајте се и направете уште еден тест шестиот ден
  - Престанете да се самоизолирате после 7 дена ако резултатот на тестот што сте го направиле шестиот ден е негативен, се чувствувате добро и не сте имале понатамошен контакт со лице кое е позитивно на COVID-19
  - Следните 7 дена, ако можете работете од дома и не посетувајте високоризични места (установи за здравствена нега, старски домови, домови за нега на лица со попреченост, центри за деца на предучилишна возраст, основни училишта и затвори) дури и ако таму работите
  - Тестирајте се повторно 12-тиот ден.
- Ако **<u>не сте</u>** целосно вакцинирани
  - Самоизолирајте се **14 дена** од датумот кога последен пат сте имале контакт со лицето кое е позитивно на  COVID-19*
  - Направете тест веднаш, на шестиот ден и повторно на 12-тиот ден
  - Престанете да се самоизолирате после 14 дена ако резултатот на тестот што сте го направиле 12-тиот ден е негативен, се чувствувате добро и не сте имале понатамошен контакт со лице кое е позитивно на COVID-19.
- Ако сте имале COVID-19 во изминатите шест месеци, обично нема да се сметате за близок контакт и не треба да се самоизолирате или тестирате освен ако имате симптоми.

** ако живеете со лице кое е позитивно на COVID-19, бројте ги деновите од денот кога тој/таа добил/а позитивен резултат*